ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Бр. 09-913/6
09-12-2025 20 год.
Скопје

Врз основа на член 44 од Законот за административни службеници(„Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 157/21, 99/2022, 208/2024) и доставената конечна ранг листа на кандидатите и предлогот за вработување на кандидатите по јавен оглас **бр. 812/2025 год**. Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија на ден **09.12.2025г**, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидатите по Јавен оглас бр. 812/2025 година за вработување на административен службеник**

**1.**За вработување на работно место под. Ред. бр. ЗДР0102Г01003 Самостоен референт – администратор за амбулантно лекување и стационар - Одделение за сметководство (6) извршители се избираат кандидатите – **Баже Брендов,Вера Киселичка,Билјана Ламбевска.**

**2.**Именуваните кандидати за работното место под. Ред. бр. ЗДР0102Г01003 ќе бидат вработени по конечноста на оваа Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение.

**3.**Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 19.07.2025 год. во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ беше објавен Оглас за вработување на административни службеници 6 извршители ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија –Скопје.Постапувајки по одредбите од Законот за административни службеници,комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр 812/2025 година формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение бр 10-1356/7 од 05.08.2025 година изврши административна селекција за вработување и констатира дека за огласеното работно место под ред бр 1 уредно се имат пријавено 6 кандидати.

На ден 03.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-1356/17 од 03.12.2025 година).

На ден 04.12.2025 година се изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите (записник бр. 10-1356/18 од 04.12.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа и предлог за вработување на кандидатите по Јавен оглас бр. 812/2025 година и истата беше доставена до директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија по што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на Одлуката, директорот на претпријатието во рок од 5 (пет) дена ќе склучи договор за вработување на неопределено работно време со избраните кандидати.

**Правна поука:**Против одлуката незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Изработил:**Одд за човечки ресурси;

Доставено до:
-Агенција за Администрација;
-архива;
-Кандидатот;

**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија**

**Директор**

**Проф.Д-р Соња Генадиева - Ставриќ**